Локална
Самоуправа
Општина
Крива Паланка

# ПРЕДЛОЗИ ОД ГРАЃАНИТЕ ДОБИЕНИ СОГЛАСНО БУЏЕТСКИТЕ ГОДИШНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## 1, Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2022година

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ) ) | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изградба на спортска сала при матичен објект ООУ „Јоаким Крчовски“ | Се очекува мислење од Министерството за животна средина, па ќе се одлучи што понатаму. На овој предлог се работи и ќе се работи перманентно и тековно, прво ќе има промена на урбанистичкиот план, а потоа ќе има промена и дополна на техничката документација за објектот. | Континуирано | |
| **2.** | Реконструкција на сала при ООУ „Илинден“ и реконструкција на соблекувална на стадионот | Се бара финансиска конструкција,за реализација на овој предлог. Ќе се бараат средства од МОН и Агенцијата за спорт и млади | ДА | Износот ќе се знае откако ќе се направат пресметките |
| **3.** | Мапирање на туристички локации | Постојат такви податоци.Изработени за целиот Североисточен Регион. | ПРЕДЛОГОТ Е ВЕЌЕ РЕАЛИЗИРАН | |
| **4.** | Санација на постоечките ловечки куќи за сместување на туристи | Не се во надлежност на Локалната смоуправа,туку на Ловечкото друштво од Крива Паланка. | НЕ | |
| **5.** | Уредување на патека до Станечки водопади | Прво изработка на Техничка документација,па потоа ќе се види колку средства и од каде ќе се бараат за реализација на истиот. Реализацијата на | НЕ<br>за 2016 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | предлогот бара големи финансиски средства, кои не е во можност да ги обезбеди општината. Но, согласно можностите, во наредниот период се планира да се работи на техничка документација за уредување на оваа патека. | | |
| **6.** | Изработка на техничка документација за изградба на планинарски дом во Калин Камен | Има ЛУПД, треба да се обезбеди инвеститор, кој ќе ја изработи комплет техничката документација. | НЕ,<br>Општината согласно овој предлог делот од своите надлежности ги има реализирано. | |
| **7.** | Изработка на техничка документација за Дом за стари лица | Донесен ЛУПД, и постапката за истата е во тек. | ДА | **68. 723,00 денари.** |
| **8.** | Потикнување на развој на туризмот | Се работи перманентно на изработка на техничка и на планска документација за развој на туризмот .(Калин Камен) | ДА | **2. 200. 000,00** денари |
| **9.** | Поддршка на развојот на претприемништвото | Ќе се поттикнува во согласност на законот и можностите на општината. | ДА | |
| **10.** | Мостови на Станечки водопади | Прво треба изработка на Техничка документација. па потоа ќе се види колку средства и од каде ќе се барат за реализација на предлогот. | ДА<br>за 2022 | |
| **11.** | Уредување и асфалтирање на патот од Испосница преку Петковска маала со постојниот пат за село Огут | Реализацијата на предлогот бара големи финансиски средства, кои не е во можност в да ги обезбеди општината со буџетот за 2022 година. | **НЕ**<br>за 2022 | |

## 2. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на општина Крива Паланка за 2022 година

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ) | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Асфалтирање на патен правец од с. Огут до с.Нерав | Овој патен правец прво треба да се категоризира, бидејќи Крива Паланка – Огут е регионален и не е во надлежност на општината. И логично е неговото продолжување од Огут до границата со Србија да продолжи како регионален. | Предлогот ќе биде препратен до Агенцијата за државни патишта. | Не може да се определи бидејки нема техничка документација |
| **2.** | Санирање на свлечишта на пат с.Маневци- с.Станци | Ова е еден од најкомплексните проблеми и локалната самоуправа во изминатиот период има превземено низа активности за санирање на истиот, но не е во можност да пристапи сама во решавање на истиот. Се чека на помош од други надлежни институции. | Предлогот и во 2022 година ќе продолжи да биде еден од приоритеттите на општината, но не може да се предвиди динамиката на реализација на истиот. | Според проценки на стручните служби потребни се околу 30.000.000 ден. |
| **3.** | Санирање на мостот кај базата (Шаров мост) | Предлогот е во тек на реализација | ДА | Само за основна санација ќе се инвестираат околу 600.000 ден. |
| **4.** | Асфалтирање на делот од патот од мајстор Тице до куќата на Шаровци | Оваа делница од патот оди низ самото корито на Крива Река и тука не може да стане збор за асфалтирање, бидејќи во моментот за населението од Мизовски Ливади таа е | Делницата од страна на општината ќе биде | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | единствен патен правец и ќе биде се додека се направи оштетениот мостот кај базата, | истампонирана. | |
| **5.** | Изработка на проект за свлечиште во с.Маневци | Ова е еден од нај комплексните проблеми и локалната самоуправа во изминатиот период има превземено низа активности за санирање на истиот, но не е во можност да пристапи сама во решавање на истиот. Се чека на помош од други надлежни институции. | Предлогот и во 2022година ќе продолжи да биде еден од приоритетите на општината, но не може да ја предвиди динамиката на реализација на истиот. | За обезбедување на потребна техничка документација потребни се околу 600.000 -1.000.000 ден. |
| **6.** | Изработка на техничка документација и изградба на мост во с.Огут меѓу двете реки и продолжување на патот до граница | Овојпатен патен правец прво треба да се категоризира, бидејќи Крива Паланка – Огут е регионален и не е во надлежност на општината. Логично е неговото продолжување од Огут до границата со Србија да продолжи како регионален. | Предлогот ќе биде препратен до Агенцијата за државни патишта. | |
| **7.** | Патен правец Крива Паланка- спој А2 - локалитет Борчева кафана- с. Градец - населба Мизовски ливади | Овој патен правец е дел од програмата за 2022 година. | Да станува збор за поголема инвестиција и истата конеќно а ќе биде реализирана во 2022 година | |
| **8.** | Поставување семафори кај Осички мост | Надлежноста за овој патен правец е на национално ниво( Агенција за државни патишта) и станува збор за спој на магистрален пат со регионален. | Ќе се испратат барања до Владата и Агенцијата за државни патишта и ќе се стапи во контакт, бидејќи навистина е голем проблем за | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | безбедноста на граѓаните кои гравитираат по истиот. (НЕ Е ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА) | |
| **9.** | „8-ми Октомври“ - нова улица | Потребно е да се изврши доработка на проектот. | СЕ ПЛАНИРА | |
| **10.** | Реконструкција на пат од Центар за култура – Маневски мост | Има проект – техничка документација. Тоа што ја попречува реализацијата на овој проект се нерешените имотно правни односи – согласноста од граѓаните за да општината превземе активности кон обезбедување на средства. | НЕ | 30.000.000 ден. |
| **11.** | Изградба на мост на Крива Река во населба Мизовски ливади – локација Тополки | Изградба на а.б. мост не е планирана, туку санација и доизградба на пешачко-колски мост и е во тек на реализација | ДА (пешачко-колски мост) | 150.000 ден. |
| **12.** | Изработка на тех. документација за пат Кр. Паланка – Мизовски ливади - с. Градец – с. Лозаново | Предлогот е ставен во Програмата за доработка на техничка документација и во делот изградба | ДА (само доколку се обезбедат финансиски средства од други извори) | |
| **13.** | Изградба на дел од улица „Прохор Пчински„- во строг центар | Дел од Програмата во делот на улици на кои ќе има градежни активности | ДА | 1.000.000 |
| **14.** | Крпење на дупки | Овој предлог е дел од Програмата и тековно се реализира | ДА | 7.000.000 ден. |
| **15.** | Кружен тек на ул. „Херој Карпош“ со заобиколница | Потребна е измена на ДУП, потоа соработка со ЈП за државни патишта и Министерството за транспорт и врски за реализација на истиот. | Ќе се испратат официјални барања до ЈП.за државни патишта и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Министерството за транспорт и врски и Владата за пристапување кон изноѓање на решение за проблемот. (**НЕНАДЛЕЖНОСТ**) | |
| **16.** | Санирање на Градечки мост од атмосферски води | Ќе се реализира со асфалтирање на целата површина на мостот. | ДА | |
| **17.** | Да се извести „Македонија пат“ дека регионалните патиштата во Крива Паланка се во катастрофална положба | Ќе се стапи во контакт и ќе се испратат официјални известувања за состојбата со регионалните патишта на територијата | ДА | |

**3. Предлог-програма за јавно осветлување во општина Крива Паланка за 2022 год**

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Осветлување на преден и заден дел кај ООУ „Јоаким Крчовски“ | Тековно се реализира | **ДА** | |
| **2.** | Осветлување на делот кај Лилаков мост-матичен објект ООУ „Јоаким Крчовски“ | Тековно се реализира | **ДА** | |
| **3.** | Редовна промена и одржување на осветлувањето во градот | Тековно се реализира | **ДА** | |
| **4.** | Поставување на ефикасно | Тековно се реализира | **ДА** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | осветлување – штедливи светилки | | | |
| **5.** | Поставување на јавно осветлување во н. Мизовски ливади, трафостаница-лев и десен крак | Јавно осветлување на овој локалитет има поставено, но доколку светилките не функционираат, согласно планот за замена на истите, ќе бидат ставени во функција. | **ДА** | |
| **6.** | ГИС ситем за јавно осветлување | Добар предлог кој бара големи финансиски средства., кои општината сама не може да ги обезбеди. | Истиот ќе биде реализиран доколку општината обезбеди средства од донатори. | |
| **7.** | Да се променат прегорените светилки по магистралниот пат | Прегорените светилки по магистралниот пат се надлежност на ЈП „Македонија пат“. | Овој предлог со барање ќе биде препратен до Македонија пат. | |

4. **Предлог-програма за Образование во општина Крива Паланка за 2022 год**

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Асфалтирање на кошаркарско и фудбалско игралиште и одржување и адаптација на одбојкарско игралиште во матичниот објект во ООУ „Јоаким Крчовски“ (Партизан) | Ова игралиште пред извесно време беше асфалтирано и поставено осветлување на истото. | ПРЕДЛОГОТЕ Е РЕАЛИЗИРАН | |
| **2** | Поставување на соодветна подлога на повеќенаменското | Се води постапка пред Министерството за животна средина за добивање на одобрение за | ВО ПОСТАПКА НА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | игралиште во матичниот објект на ООУ „Јоаким Крчовски“ | изградба на нова сала во училишниот двор.Откако ќе биде завршена постапката ќе се одлучи што ќе се прави ,дали нова сала ако е позитивно мислењето од министерството или целосно уредување на училишниот двор. | ОДЛУКА ШТО ПОНАТАМУ | |
| **3** | Реновирање на спортска сала во ООУ „Илинден“ | Обезбедени се средстав за оваа намена од МОН и Агенцијата за млади и спорт | ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА | |
| **4** | Проширување на капацитетот на салата во СОУ „Ѓоче Петров“ и доизградба на игралиштето. | Предлогот е во фаза на подготовка и ќе биде реализиран од страна на СОУ,, Ѓорче Петров,, од сопствени средства | ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА (без импликации по буџетот на општината ) | |
| **5** | Определување на кабинети за настава | Училиштата имаат одредени училници за кабинетите каде е можно да се изведе наставата .За сите предмети не може да се направи поради двосменско работење на школото. | ЌЕ СЕ ИСПИТААТ МОЖНОСТИТЕ И ПОТОА ЌЕ СЕ ВИДИ ШТО МОЖЕ ДА СЕ НАПРАВИ | |
| **6** | Почеток со имплементација на проектот ,,Енергетска ефикасност во образованието“ | Постои техничка документација за енергетска ефикасност за сите училишта на територија на Крива Паланка.Реализацијата ќе отпочне кога ке се обезбедат финансиски средства ( од домашни или страни донатори). | СЕ ПЛАНИРА | |
| **7** | Екипирање на стручни тимови во основното и средното образование: ( психолог, педагог, социолог ) | Предлогот е в ред. Како општина секогаш се залагаме и ќе се залагаме за унапредување на образовниот процес и за доекипирање на стручниот потенцијал во училиштата. Предлогот ја има нашата подршка, но поради недостиг од финансиски средства како и кога истиот ќе успееме да го реализираме е неизвесно. | СЕ ПЛАНИРА | |
| **8** | Вработување на логопед во | Предлогот е в ред. Како општина секогаш се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | образовниот процес во основното образование | залагаме и ќе се залагаме за унапредување на образовниот процес и за доекипирање на стручниот потенцијал во училиштата. Предлогот ја има нашата подршка, но поради недостиг од финансиски средства како и кога истиот ќе успееме да го реализираме е неизвесно. | СЕ ПЛАНИРА | |
| **9** | Поддршка на таленти и зголемени средства за стипендии | Се доделуваат секоја година по четири стипендии во средното училиште и по четири за талентирани студенти/ може д асе размислува на зголемување на опфартот во иднина | ПРЕДЛОГОТ СЕ РЕАЛИЗИРА секоја година има распишан јавен конкурс за истиот | **1. 680. 000,00 денари** |
| **10** | Намалување на средствата за обезбедување на училиштата | Безбедноста во училиштата и на учениците секогаш за нас ќе биде на прво место и во овој дел не би крателе средства, зошто секое кратење би било на сметка на безбедноста. | НЕ | |

### *5. Предлог-програма за уредување на градежното земјиште на Општина Крива Паланка за 2022 г.*

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Уредување на коритото на Дурачка Река (позади Центарот | Се мисли најверојатно на шутот со кој се затрупува оваа делница од коритото на | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за култура ) | Дурачка Река, бидејќи истото е изградено. Реализацијата на овој предлог се одвива тековно. | | |
| **2.** | Уредување на игралиштето кај центарот ,,Вавилон“ | Реализацијата на овој предлог ќе се одвива тековно, согласно планот за уредување на детските игралишта во општината. | ДА | **120.000,оо** |
| **3.** | Изградба на водоводна и комунална мрежа во населба „Мизовски ливади“ | Водоводна мрежа ќе биде реализирана со изградба на крак од градскиот водовод. | ДА-во Програма за водоводи | Ќе се знае по довршување на основниот проект |
| **4.** | ЈП„Комуналец“ да го превзема комуналниот отпад во населбата „Мизовски Ливади“ | | **ДА** | |
| **5.** | Уредување на простор наречен Болничка ливада | Локацијата е сопственост на РМ-иста парцела со Здравствен дом, треба да се видат имотно-правните работи и да се изработи деталин план | | |
| **6.** | Изградба на минор корито низ целиот тек на Крива Река | Дел од Програмата (за одредена делница) Изградбата на минор коритото е поприлично скапа инвестиција. Општината во изминатиот период тоа го прави сукцесивно во централното градско подрачје и секако ќе продолжи и во иднина. | ДА ( но на одреден дел) – предлогот низ целиот дел на Крива Река за тековната 2022 година е неостварлив поради големите финансиски средства, кои се потребни за реализацијата на овој проект) | Ако се обезбедат средства од ИПА-фондовите за што во тек е апликација |
| **7.** | Изработка на техничка документација за изградба на атмосферска канализација-одвод на подземна вода на ул. „Наско | Предлог по кој, на барање од Градоначалникот, стручните служби од општината веќе работат –опфатено во делот за техничка документација | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тамбурков“ | | | |
| **8.** | Урбанизирање на делот над Пашина воденица (во моментот е депонија за градежен шут) | Се планира да се среди просторот | ДА | |

***6.Предлог - програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во општина Крива Паланка за 2022година***

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Водовод и канализација во Мезовски ливади- лев и десен брег од Шаро | **подготовка на техничка документација за водовод** | **ДА/ Проектот за одводување н аотпадни води е во тек на реализација** | |
| **2.** | Доградба на водоводна мрежа во село Конопница | **Потребна е подготовка на техничка документација** | **ДА текoвно** | **Цената ќе се знае по завршување на основниот проект** |
| **3.** | Да се забрзат работите за изработување на техничка документација и поскора изграбоtка на истата, која е од витален интерес за граѓаните на Крива Паланка | На подготовка на техничка документација во насока на решавање на проблемите и приоритетите на граѓаните, општината работи перманентно и тековно и ќе продолжи. | ДА | |
| **4.** | Изработка на подземен катастар за водоводна и канализациска мрежа | Ова е активност на која тековно работи ЈП „Комуналец“ | ДА | |
| **5.** | Континуирано прочистување и | Најверојатно се мисли на подземните води на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | проверување на водата за пиење во реонот на Бегови бавчи и Мезовски ливади | водата од бунарите и пумпите. Реализацијата на овој предлог проект не е во надлежност на општината. Најверојатно е во надлежност на Државниот здравствен инспекторат. | Предлогот ќе биде препратен до Државниот здравствен инспекторат. | |
| **6.** | Привремено поставување на филтри на главните одводни цевки за прочистување пред влезовите на Крива Река | Добар предлог, но технички многу тешко изводлив и многу скап. Она на што општината долго време работи е трајното решение, а тоа е изградба на пречистителна станица. | НЕ | |
| **7.** | Изработка на техничка документација и  и изградба на водопропусен канал за одвод на атмосферските води на ул„Херој Карпош“, пред  „Опатија“,  од долчето покрај Трајче офицерот | Предлог по кој , на барање  од Градоначалникот,  стручните служби од општината веќе работат на изнаоѓање на решение и целосно решавање на проблемот. | ДА | |

***7.Програма за  активностите   на Општина Крива Паланка  во областа   на  социјална  заштита  за 2022година***

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Предлогот  е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ) | Потребни финансиски средс |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Подршка за изградба на Дом за стари лица | Во подготовка е ЛУПД и активноста се планира да заврши најдоцна до 06. месец 2016 година | ДА | 68. 723,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Продолжување на поддршката за проектот „Грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови„ | Ова е проект од 2021 кој општината ќе продол да го подржува и во 2022 | ДА | |
| **3.** | Стипендирање на ученици од социјално загрозени семејства (формирање на фонд) | ПРЕДЛОГОТ СЕ РЕАЛИЗИРА<br>Секоја година има распишан јавен<br>конкурс за истиот и еден од критериумите е и социјалниот статус | ДА | |
| **4.** | Дневен центар за лица засегнати со дрога и алкохол | Реален проблем на денешницата, но на истиот треба да се пристапи институционално од повеќе стручни аспекти.Општината не е во можност самата да реализира активности од овој домен. | НЕ<br>за 2022 | |
| **5.** | Банки за храна и хигиенски средства за ранливите категории | Надлежноста е на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и се води перманентна грижа | Како локална самоуправа редовно обезбедуваме подршка за ранливите категотии на граѓани а ќе продолжиме и во иднина. | |
| **6.** | Обезбедување на храна за ученици од социјален ризик во училиштата | Надлежноста е на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и се води перманентна грижа | Како локална самоуправа редовно обезбедуваме подршка за ранливите категотии на ученици а ќе продолжиме и во иднина. | |
| **7.** | Систем на згрижување на наркозависници со помош на невладините институции | | НЕ<br>за 2022 | |
| **8.** | Финансиска помош на деца од | Надлежноста е на Меѓуопштинскиот центар | Како локална самоуправа | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | материјално необезбедени семејства | за социјални работи и се води перманентна грижа | редовно обезбедуваме подршка за ранливите категотии на деца а ќе продолжиме и во иднина. | |

## *8. Програма за одржување на јавна чистота во на Општина Крива Паланка за 2022година*

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Уредување на диви депонии каде што постојат | Расчистувањето на поголемите диви депонии ќе биде во рамки на проектот за дислокација на постоечката депонија | ДА, за 2022 | |
| **2.** | Да се направи план за поставување на контејнери по градот и да бидат оградени | Ставено во Програмата во делот-Поставување и одржување на садови за отпад на јавни површини | ДА | |
| **3.** | Уредување на зелени површини кај комплексот на зградите (Осичка маала, Бавчалак и зградите кај Единство) | Овие површини се предвидени за тековно одржување на зелени површини, а делот кај зградите кај Единство ќе се уредува според новиот ДУП кога ќе биде донесен | **ДА** | **630.000 ден.** |
| **4.** | Изградба на градско ВЦ во делот на Автобуската станица и одржување на истото | Ставено во Програмата,во делот изградба и одржување на јавни санитарни јазли. Локациите не се точно утврдени | **ДА** | **750.000** |
| **5.** | Чистење на сите долови во | На овој предлог, согласно конфигурацијата на | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | градот | теренот, општината тековно работи секоја година и ќе продолжи во 2022г. Ова е ставено во Програмата за уредување на градежно земјиште и се работи тековно | | |
| **6.** | Поставување на контејнери за хартија, стакло и пластика | Предлогот е дел од Програмата, во делот- Поставување и одржување на садови за отпад на јавни површини | ДА | 350.000 |
| **7.** | Поставување на контејнери пред домовите на достапните улици за транспорт | Предлогот за поставување на унифицирани контејнери – канти пред домовите е добар предлог, но истиот бара финансиска конструкција која во моментот ниту општината , ниту пак ЈП„ Комуналец“ се во можност да ја реалзиираат. Инаку, ваквите канти чинат 1500 денари и за оваа цена домаќинствата можат и сами да ги набават. | НЕ за 2022 | |
| **8.** | Да се продолжи со активности за изработка и поставување на буриња за отпад | Предлогот најверојатно се однесува на зголемување на бројот на буриња- контејнери за колективно собирање на отпад . Ова е активност на која тековно и перманентно, согласно точно утврден план, работи ЈП „Комуналец“ | ДА | |
| **9.** | Чистење на Домачки Дол и пропустот кон Крива Река како превентива од поплави (истото важи и за другите долови и пропусти) | На овој предлог, согласно конфигурацијата на теренот, општината тековно работи секоја година и ќе продолжи во 2022г. | ДА | |
| **10.** | Решавање на проблемот со јавната депонија во соработка со соседните општини и Владата на РМ | Предлогот е во тек на реализација | тековно | |
| **11.** | Култивирање на јавните градски скверови | Перманентно и тековно се реализра овој предлог и ќе продолжи да се реализира и во 2022 | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Уредување на градежното земјиште спроти Тораничка зграда | Тековно-во Програма за јавна чистота | ДА | |
| **13.** | Доуредување на градежното земјиште од раскрницата до игралиштето во н. Херој Карпош | Тековно-во Програма за јавна чистота | ДА | |

## *9.Програма за Култура во општина Крива Паланка за 2022 година*

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Најмалку еднаш неделно да се одржувааат театарски и кино претставиi | Во Центарот за култура е единствената кино сала и сала за театарски претстави на затворено. Општината, во соработка со Центарот за култура, кој е национална установа, се труди секогаш да излезе во пресрет на граѓаните и задоволување на нивните потреби од областа на културата, и ќе продолжи тоа да го прави и во 2022година. | **тековно** | |
| **2.** | Креативни работилници во рамките на фолклорниот фестивал | Предлогот е интересен и вреден за внимание, ќе биде препратен до членовите на Управниот одбор задолжен за реализацијата на оваа манифестација. | НЕ за 2022 | |
| **3.** | Нова стратегија за култура на локално ниво | Предлогот се прифаќа и се планира да биде реализиран | ДА | 20. 000,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | 7ми Април, одбележување на Ден на Пчеларите, на Ромите и на здравствените работници- прием:<br>- Роми<br>- Здравствени работници<br>- Пчелари | Предлогот се прифаќа | ДА | |
| **5.** | 14 ти Август, св. Макавеј- Собир во село Герман | Овој предлог е настан кој се одржува на територијата на соседната општина Ранковце. | немање на надлежност | |
| **6.** | Афирмација на старите традиционални занаетчии (симит и др.) преку работилници, изложби и др. , а со тоа да се брендира секој производ | Оваа активност се реализира во рамки на манифестацијата„ Кривопаланечка еко – храна“ и ќе продолжи | ДА | 250. 000,00 денари |
| **7.** | Реконструкција на внатрешниот дел на Дом на култура.Во него се одржуваат културни активности, но салата е за реконструкција (проект, финансиски средства и др.) | Центарот за култура е национална установа | Во рек е реализација на проектот со средства обезбедени од општината | |
| **8.** | Театарски претстави<br>( да се одржуваат перманентно во текот на годината) | Под покровителство на општината се организира Меѓународен театарски фестивал„Св. Јоаким Осоговски“. Може да се размилува овој проект да биде надограден со активности и во текот на годината, но сепак ќе зависи од финансиските можности на општината во иднина. | НЕ<br>за 2022 | |
| **9.** | Поттик и подршка на литературни читања и дела | Општината, во соработка со Центарот за култура, Литературниот клуб клуб, основните училишта и Средношколскиот училишен центар перманентно, согласно своите можности,подржува вакви активности | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Наградување на најубавото божиќно украсување на објекти, дворови и слично | Овој проект е повеќегодишен и истиот ќе продолжи и во 2022 | ДА | околу 10.000,00 денари ( две награди) |

### *10. Програма за работа на локалната установа ,,Градски Музеј,, во Општина Крива Паланка за 2022година*

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ)** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Валоризација на црквите во село Нерав и Мождивњак (Лисец) | Овие цркви ќе се валоризираат со некоја од идните годишни програми | НЕ за 2022 | |
| **2.** | Да се продолжи поактивно со обезбедување на нови експонати по разни основи (откуп, поклон) | Градскиот музеј вложува максимални напори и минимални средства за набавка на нови експонати | ДА – ТЕКОВНО СЕ РЕАЛИЗИРА | |
| **3.** | Лиценцирање на водичи | Лиценцирањето туристички водичи не е во доменот на ингеренции на установата | НЕ ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ | |
| **4.** | Работилници за ученици организирани од Градски Музеј, согласно наставните програми по одделни наставни предмети | Градскиот музеј го прифаќа овој предлог, но ќе го реализира во рамки на своите можности | ДА | |
| **5.** | Откуп на историски и археолошки предмети | Градскиот музеј теквно во рамките на распол. средства врши откуп на историски предмети. | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Откупот на археолошки предмети е стопиран и нема да се врши заради познатите состојби со дивите ископувања и испитување на потеклото на предметите | ТЕКОВНО | |
| **6.** | Проучување на starogратска носија и собирање или изработка на истата | Градскиот музеј ќе го прифати овој предлог и ќе го стави во програмата за 2022г. | ДА<br>за 2022 | |
| **7.** | Отворање на теракотна работилница во рамките на музејот (изработка на сувенири) | Градскиот музеј само може да организира ваква работилница и да изработи сувенири, кои ќе се продаваат во музејската продавница. | ДА<br>за 2022 | |

## *11.Програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации во Општина Крива Палнка за 2022 година*

| | Предлози од граѓаните | Образложение | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2022година (ДА/НЕ) | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изработка на техничка документација за обезбедување на површини за паркинг простор | Во фаза на изработка е сообраќаен проект/студија за ул„св.Јоаким Осоговски“ со кој се предвидуваат паркинг простори. | ДА | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на подрачјето на градот | | | |
| **2.** | Урбанизација на Мезовски ливади | Се изработува и ќе се донесе општ акт за село Градец. | ДА | |
| | | | | |
| **4.** | Предвидување на паркинг простор со ДУП | Во тек е изработка на нов ГУП а со идните ДУП-ови, ќе се обрати поголемо внимание да се предвидат површини за паркинг простор. | ДА | |
| **5.** | Повеќе пешачки премини во градот, ослободување на тротоарите од паркирање на автомобили | Во тек е изработка на сообраќаен проект со кој ќе се предвидат потребни пешачки премини и забрани за паркирање на возила на тротоари. | ДА | |
| **6.** | Доизградба на тротоари на места каде што ги нема | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура | ДА | |
| **7.** | Изработка на ДУП Десен брег | Во програма е влезен и ако се обезбедат средства од Буџет на Р.М. ќе започне изработка | СЕ ПЛАНИРА | 6.100.000,оо ден. со ДДВ |
| **8.** | Изработка на Детален план за Калин Камен | Во постапка | ДА | |

***12. Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта на Општина Крива Паланка за 2021/ 2022 година***

| | **Предлози од граѓаните** | **Образложение** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2016 Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за** | **Потребни финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|

| | | | 2022година (ДА/НЕ) | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Комуналниот инспектор да превземе санкции за забрана за паркирање на колите по улиците, бидејќи го отежнуваат движењето на камионот со корпата | Предлогот е в ред и тоа е проблем со кој секоја година реално се соочуваме и тоа општинските служби го решаваат во од и во соработка со полициската станица | не бара финансиски средства | |
| **2.** | Одржување на патот Крива Паланка- Калин Камен за непречена проодност и во зимски услови (особено до Ловечката куќа и бараката на локалната самоуправа) | Предлогот е в ред и овој патен правец е во Програмата за зимско одржување 2021 – 2022 | ДА | |
| **3.** | Кај зимското одржување на локалните патишта кај точка 2 и Т-15 да се спојат, односно патниот правец Маневци – Дурачка Река – Станци и релацијата кај Станечка кривина. | Предлогот е в ред и се прифаќа. | ДА | |
| **4.** | Поголема механизација | Најверојатно се мисли на механизација вклучена во зимското одржување. Се вклучува механизација согласно потребите, битно е да си ја изврши функцијата. | ДА | |
| **5.** | Ажурност и редовно чистење | Предлогот е в ред и се прифаќа, секогаш има простор за подобрување на ажурноста и експедитивноста. | ДА | |
| **6.** | Формирање на „Call Center“ – Центар за интервенции во зимски периоди | Предлогот е добар, но неговото функционирање бара дополнителни финансиски средства, а во општина како нашата каде секој со секого се знае, сметаме дека во моментот овие средства би биле покорисно искористени за друга намена. Пријавите за одредени потреби во даден | НЕ За 2022 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | случај може да се достават – пријават  преку полициската станица со која сме во перманентна комуникација. | | |
| **7.** | Дежурна служба | Дежурна служба при големи непогоди и снегови сегогаш е во функција. | ДА | |
| **8.** | Вклучување на самите граѓани во расчистување на улиците | Да, добар предлог,  но како да биде изведлив | | |